ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
- Соопштение за медиуми-

Скопје, 28.06.2021 година

# Несоодветната контрола над концесионерите е причина за нерационално искористување на минералните суровини и помалку остварени буџетски приходи

Мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции не се доволни да обезбедат ефективно управување со минералните суровини, во однос на нивната оптимална искористеност и ефикасна наплата на концесиските надоместоци, согласно начелата на одржлив развој.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема **„Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците“** со цел да даде одговор на прашањето: **„Дали со мерките и активностите се обезбедува ефективност за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците согласно начелата на одржлив развој“.**

Недостатокот на долгорочно стратешко планирање, честите измени и дополнувања на законските одредби, отсуството на подзаконски акти, недоволната институционална соработка и нецелосно воспоставен катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини не обезбедуваат стабилна основа за водење на ефективна политика на управување со минералните суровини во РСМ.




Непрецизираните рокови и ненавременото склучување на договорите го пролонгираат времетраењето на постапките за доделување на концесиите за минерални суровини, што има негативни импликации врз економскиот интерес на субјектите, а не доволно утврдените обврски на концесионерите не обезбедуваат правна заштита, во случај на неисполнување на законските одредби.

Концесионерите не се задолжени да доставуваат пресметки за продадените количини на минерални суровини, ниту се регулирани прашањата за надоместоците во однос на експлоатираните количини кои се користат за сопствени потреби и доколку на ист концесиски простор се искористува повеќе од една минерална суровина.

Ваквата системска поставеност за наплата и евиденција на концесиските надоместоци не дава можност за проверка на пресметките, што претставува ограничување во извршувањето надзор и контрола на целосноста и веродостојноста на приходите од концесиските надоместоци.

Како резултат на наведените слабости, за периодот 2016 - 2020 година, констатирани се помалку наплатени концесиски надоместоци во износ од ***33 милиони денари*** од кои: ***14 милиони денари*** по основ на простор и ***19 милиони денари*** по основ на експлоатирана минерална суровина.

За истиот период, ненавремено со задоцнување наплатени се вкупно 695 милиони денари (83 милиони денари по основ на простор и 612 милиони денари по основ на експлоатација на минерална суровина), за што не е пресметана законска затезна камата.



Експлоатационен простор

Експлоатационо поле надвор од експлоатационен простор

Од четири концесионери предмет на проверка, тројца вршат ископ на минерална суровина надвор од дозволата за експлоатација, што ја поседуваат, на вкупен простор од 25.546 м$^2$.

Дел од концесионерите за метални минерални суровини не го прикажуваат и плаќаат надоместокот за количеството на сребро метал и во оловниот и цинковиот концентрат. Кај еден концесионер забележано е мало флотациско искористување на цинк метал, а голем процент на истекување во хидројаловиштето.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека, по извршената проверка и укажувања од страна на ревизијата до концесионерите, дополнително се уплатени 10 милиони денари.

Вршењето на инспекциски надзор без дефинирани критериуми за избор на субјекти, нецелосно реализирање на планираните редовни инспекциски надзори, делумно извршени контролни надзори по издадените решенија за отстранување на неправилности, отсуство на независна акредитирана лабораторија, недостаток на финансиски средства и опрема не обезбедуваат ефективен контролен механизам.

Во насока на надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки за подобрување на состојбите во делот на: правната и институционална поставеност на системот на управување со минералните суровини, функционалноста и ефективноста на постапките за доделување/одземање на концесиите за минералните суровини, наплатата на концесиските надоместоци и воспоставениот механизам за надзор и контрола над работењето на концесионерите, а со цел оптимално искористување на минералните суровини согласно начелата на одржлив развој.

**Линк до извештајот: Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците**

**Прес контакт:**

**Албиона Мустафа Мухаџири** +389 72228 203
albiona.mustafa@dzr.gov.mk
**Мијалче Дургутов** +389 70 358 486
mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
**Мартин Дувњак** +389 75 268 517
martin.duvnjak@dzr.gov.mk